Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Драмска уметност за четврта година гимназиско образование** за учебната 2020/2021 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Драмска уметност** се базира на очекуваните резултати предвидени со наставната програма за овој наставен предмет - **Драмска уметност за четврта година гимназиско образование** што се реализира како изборен наставен предмет согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за овој наставен предмет во согласност со предвидените три часа неделно во скратената програма треба да се предвидат 87 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните содржини и од скратената програма се води од очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни содржини

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ДРАМСКА УМЕТНОСТ (87 часа)<br>(Области и содржини) |
|---|
| ТЕАТАРОТ КАКО МЕДИУМ - 3 часа |
| КРАТКА ИСТОРИЈА НА ТЕАТАРОТ – 8 часа |
| Поим и потекло на театарот |
| Мит-ритуал-театар |
| Театарот-уметност на повеќе уметности |
| Хронологија на театарот |
| Театарот и другите медиуми |

| |
|---|
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА АКТЕРСТВОТО 7 часа** |
| Претходници (шамани, свештеници, танчери, карневалџии) |
| Патувачките актери |
| Актерите во комедија дел’арте |
| Школуваниот актер во модерните времиња (Станиславски, Брехт, Гротовски) |
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА РЕЖИЈАТА – 4 часа** |
| Претходници („режисерите" на средновековните мистерии) |
| „Режисерската револуција" од почетокот на XX век (Апиа, Крег, Мејерхољд), Брехт, Брук |
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА ДРАМСКОТО ПИСМО – 11 часа** |
| Драма, драмско писмо, драматургија |
| Драмата како литературен вид и како претстава |
| Драмски категории. Драмско дејство, драмски лик/карактер, драмски дијалог, драмска ситуација |
| Техника на драмата. Аристотел. Фабула, карактери, израз, расудување (мисла), претстава и музичка композиција |
| Видови на драми. Трагедија. Комедија. Драма. Трагикомедија. Мелодрама. Фарса |
| Видови драмски форми: едночинка, три чина, пет чина |
| Разновидноста на драмските форми во дваесеттиот век. |
| Објаснување на термините: драматург и драматургија; драматичар и драматика |
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА КИНЕСТЕТИКАТА – 9 часа** |
| Генеза |
| Основни функции на кинестетиката |
| Ритуал и движење |
| Танцови уметнички форми - ритам, движење, експресија |
| Современ телесен говор |
| Дистинкција: танц-движење |
| Современи движечки ритуали |
| **ОСНОВИ НА ТЕАТАРСКАТА И ФИЛМСКАТА ПРОДУКЦИЈА 8- часа** |
| Поим продукција. Продуцент и продукт Менаџмент и маркетинг во културата |
| Како да се организира претставата. Продукција на театарска претстава. Од мали чекори до готов продукт/производ |
| Продукција на филм-дејност на повеќе продуценти |

| |
|---|
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО РЕЖИЈА 7- часа** |
| Што работи режисерот во театарот |
| Режисерот и сите негови соработници |
| „Видлива" и „невидлива" режија |
| Режисерот и просторот |
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО АКТЕРСКА ИГРА – 6 часа** |
| Имитација и импровизација |
| Дијалог (гестуален и вербален) *Вежби со развивање на дијалог* |
| Дејство и конфликт Како се гради драмски лик? (Карактеристики на ликот, темперамент, задача на ликот) |
| Лице и маска |
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО ПИШУВАЊЕ НА ДРАМСКИ ТЕКСТ -6 часа** |
| Намена на драмскиот текст, на филмско и ТВ-сценарио |
| Пишувањето почнува од идеја. Како се бараат идеи, како се формулира основната идеја. Развивање на основната идеја во синопсис-основната содржина |
| Основни примери за пишување: идеи, синопсис, дијалог, монолог, едночинка |
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО КИНЕСТЕТИКА -6 часа** |
| Воведни вежби. Подготовка на телото за работа-пат кон активно и чувствително тело |
| Ритмички вежби |
| Импровизации |
| **ПОДГОТОВКА НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА – 6 часа** |
| **ЗАВРШНИ ПРОБИ И ИЗВЕДБА НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА – 6 часа** |

## 3. Дидактички препораки

Планирањето на наставата по **Драмска уметност** треба да биде во корелација со наставниот план и скратената наставна програма за овој предмет. Содржината на скратената наставна програма по предметот **Драмска уметност** е концепирана на тој начин што таа предвидува нејзина реализација во помал број наставни денови и помал број наставни часови. Истата овозможува корелација и рационално планирање на наставата со другите наставни предмети: англиски јазик (или втор странски јазик), историја, географија, ликовно образование, музичко образование итн. За

постигнувањето на целите на наставната програма по предметот драмска уметност, задолжително е да се применуваат современи активни техники и методи на работа како што се: пополнување празен квадрат; агли, вкрстено испрашување, еден вовед повеќе текстови; дневник со двоен запис и други. Техниките на активно учење поттикнуваат ефикасна примена на стекнатите вештини и знаења во идентификување, опишување, појаснување, докажување, развивање на критичко и креативно мислење при усното и писменото изразување.

Наставата по предметот драмска уметност е општообразовна. Таа ќе се базира врз активно учество на ученикот во поставувањето, водењето (анализата) и разрешувањето на проблеми и ситуации што се однесуваат на содржините од наставната програма. Програмата ќе се реализира во училиште, на наставни часови, во специјализирани училници и кабинети, во театар, на сцена според однапред изготвен неделен распоред на часови согласно скратената наставна програма.

По проценка на наставникот, во насока на постигнување на целите на наставата, ученикот ќе добива задачи за изработка на домашни работи, водење на мини проекти, следење на одредени ТВ-емисии, театарски и филмски претстави.

Наставникот ќе врши глобално, тематско и дневно планирање на наставата, кое ќе содржи опис на неговите активности и на активностите на учениците. Покрај описот на активностите на наставникот и ученикот, подготовката на наставникот за час ќе подразбира и дополнителни мотивациски компоненти за ученикот преку осмислени активности.

Корелацијата и рационализацијата во однос на планирањето на наставата во скратената наставна програма по **Драмска уметност** се реализира помеѓу нејзините програмски подрачја. Основната улога на корелацијата помеѓу наставните содржини е да се обезбеди една целина на знаењата кои се предвидени да се реализираат со скратената наставна програма. Скратената наставна програма е замислена како интегриран систем на вертикално и хоризонтално испреплетени содржини, поими и активности преку континуирано:

- поврзување на воннаставните стекнати знаења на ученикот со она што се учи во училиште;
- поврзување на едни со други содржини, поими и активности (во рамките на повеќе предмети или во рамките на самиот предмет);
- поврзување на она што е од претходно учено со она што сега се учи.

*Вертикалната корелација* најчесто е застапена кога се учи нов наставен материјал. Таа треба да се заснова на нешто што е од претходно познато (било тоа да е поврзано со претходни училишни или вонучилишни искуства).

*Хоризонталната корелација* подразбира воспоставување на врски помеѓу сродни или исти содржини и поими од различни подрачја. Ваквиот начин всушност претставува учење преку споредба, барање сличности и разлики, надоврзување, сортирање, надополнување итн. За успешна реализација на скратената наставна програма како една логичка структура неопходна е и вертикалната и хоризонталната корелација.

*Како треба да учат учениците* - Во однос на скратената наставна програма по **Драмска уметност** учениците треба да учат:

*Смислено*, преку: поврзување на она што се учи и она што се доживува во животот и она што се учи со она што е учено од порано (од ист или друг предмет).

*Проблемски*, преку: самостојно собирање и анализирање на факти и податоци, поставување релевантни прашања себеси и на другите и развивање план за решавање на одреден проблем.

*Дивергентно*, преку: осмислување и предлагање нови решенија и поврзување на нови содржини и целини.

*Критички*, преку: селектирање по важност на поединечни факти и податоци и осмислување соодветни аргументи.

*Кооперативно*, преку: непосредна соработка со наставникот и соучениците, дискусија и размена на мислења и уважување на размислувањата и аргументите на соучениците.

**Следење и вреднување на учењето**

Следењето и вреднувањето на учениците претставува дел од професионалната улога на наставникот. Од него се очекува континуирано да го следи и оценува: процесот на наставата и учењето, но и резултатите од учењето како и сопствената работа. Следењето на напредувањето и оценувањето на постигањата на учениците е формативно и сумативно. Покрај вообичаените начини на следење и оценување по пат на усно и писмено проверување, постојат и многу други начини кои наставникот може и треба да ги применува за да ги оцени објективно не само резултатите, туку и процесот на учење.

Во однос на следењето и вреднувањето на учениците потребно да се комбинираат различни начини на оценување. Единствено така наставникот може да ги согледа силните и слабите страни на ученикот. При секое оценување на постигањата потребно е на ученикот да му се даде повратна информација којашто ќе му помогне да ги разбере сопствените грешки, да ги подобри своите резултати, но и сопственото учење. Повратната информација секогаш треба да се даде навреме и таа треба да се однесува на активностите и резултатите од учењето поврзани со ученикот, а не на неговата личност. Ученикот треба континуирано на различни начини да се охрабрува да размилсува

за квалитетот на својата работа и што треба да преземе за да го унапреди сопственото учење и да ги подобри своите постигања.

Во планирањето на наставата треба да се уважува различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на скратената наставна програма што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. На сите содржини не може, и не треба, да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Пристапот кон истите од страна на наставникот треба да биде на тој начин учениците да стекнат трајни знаења кои за нив ќе бидат применливи во понатамошното школување и по завршувањето на истото. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели.

Ученикот би можело да добие оценки за следниве негови активности или добиени задачи:

- изработка на есеј на тема од теоријата на драмските уметности;
- актерска игра – одредена улога;
- режија;
- кинестетика – движење;
- улогата која ученикот ја има во завршната претстава.

Се препорачува следниот годишен фонд за користење на часовите за реализација на скратената наставна програма по **Драмска уметност**: 87 часа годишно, односно три часа неделно.

Напомена: посочениот фонд за користење на наставните часови по програмски и потпрограмски подрачја е само предлог. Секој наставник согласно условите во кои ја реализира скратената наставна програма и можностите на учениците самостојно согласно потребите може да го определи фондот на часови по програмски подрачја и потподрачја. Тој секако треба да изнесува 87 наставни часа реализирани во 145 дена.

***Наставни средства и помагала:***

За постигнување на целите на наставата по предметот драмска уметност неопходна е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства и тоа, пред сѐ: текстови за анализа, аудио и видео материјал, табла, ТВ приемник, компјутер со соодветни програмски пакети, како и пристап до Интернет и ЛЦД проектор.

За реализација на оваа скратена наставна програма неопходно да се користи соодветен наставен материјал. Препорачливо е да се изготви и користи и збирка текстови со подготвени осмислени вежби која ќе се употребува за практична реализација на програмата.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Драмска уметност за IV година на гимназиско образование** ја утврди

Министер за образование и наука

Мила Царовска